**Иван Котев**

# ВОДАТА ВО НАРОДНАТА ПЕСНА

*Каде е водаша, шаму е и живошош.*
*(Персиска народна поговорка)*

Водата е извор на животот. Таа е симбол на настанувањето и опстанувањето. Нашите претци од сите раси, етноси и религии на водата ѝ препишувале божествени особини. Ја обожавале, ја почитувале и ја чувале. Во зависност од тоа, каква вода пиеле, со каква вода се миеле, со каква вода ја приготвувале храната и со каква вода ги наводнувале своите ниви, зависело нивното здравје, убавина и благосостојба. Тие на водата и принесувале и жртви, со цел изворите да се издашни, а водата да е чиста и употреблива. Дека тоа било така, сведочи големиот византиски историчар Прокопиј кој, давајќи карактеристика и податоци за Словените, покрај другото известува: "Покрај тоа почитаат реки и нимфи и некои други божества, им жртвуваат на сите и гатаат на тие жртви."[1] И денес на празникот Свети Илија во село Мокрино се принесува жртва (курбан) на изворот од кој селаните ги наводнуваат своите ниви.[2]

Благодарение на физичките и на хемиските особини, како и на распространетоста, водата длабоко се врежала во свеста на луѓето. Таа е вистински симбол на животот. Факт е дека водата е извор на севкупниот постоечки потенцијал; лулка и гроб на сѐ и сешто во вселената; првата форма на материјата. Сите води ја симболизираат Големата мајка и се поврзуваат со раѓањето, со женското начело, со вселенската утроба, со водите на плодноста. Водата разделува и поврзува; дава и одзема; мирна е и страшна, но неопходна. Таа раствора, отстранува, чисти и препородува. Во обредите, потопувањето во вода го симболизира враќањето кон прастарата состојба за девствена чистота. Во христијанската симболика водата претставува симбол на препородување, обновување, прочистување и крштевање, а изворот е симбол на Христос, како извор на животот.[3]

Според народната митологија на Македонците, во "... водата и околу неа се собирале разни демонски суштества: самовили, змеови, ѓаволи и сл. Посебно место тука заземаат верувањата сврзани за самовили, и оттука потеклото на топонимите Самовилска Вода, Самовилски Извор, Самовилец, Дабница, Прилепско. Присуството на самовилата им давала на овие води чудотворна и лековита моќ."[4] Песните со мотив самовила се многу на број.

---

[1] Одбрани четива за историјата на македонскиот народ, составил Љубен Лапе, Скопје, 1951, 7.

[2] Иван Котев, Свети Илијскиот курбан во село Мокрино, Струмичко, **Етнолог,** бр. 2, ЗЕМ, Скопје, 1992, 183 - 187.

[3] Дж. К. Купър, Енциклопедия на традиционните символи, София, 1993, 26-28.

[4] Танас Вражиновски, Народна митологија на Македонците, книга I, Скопје - Прилеп, 1998, 102 - 104.

За волшебните и чудотворни особини на водата нашиот народ, а и другите народи од светот, создале безброј митови, легенди, приказни и песни. Многу богови од старите религии се родиле од водата, а според една наша легенда и нашиот Господ е создаден од капка роса што паднала на некоја тревка.[5]

Македонската народна поезија изобилува со песни во кои се пее за водата. Нема жанр каде не е спомната водата: почнувајќи од обредните, преку семејните и трудовите, љубовните и песните од борбите за слобода, вклучувајќи ги и бројните епски и лирско - епски песни - секаде ќе сретнеме песни со тема: вода.

**Обредните песни** се наши најстари песни. Водат потекло од многу длабоко минато и имаат"... врска со прасловенското паганство, со светогледот на старите Словени уште од времето на нивното заедничко живеење во старата татковина."[6] Карактеристично за овој вид песни е што тие се поврзани со одделни народни обичаи и обреди, иако се лирски по својот општ карактер и тон.

Преку **коледарските обреди и песни** нашиот човек сакал да измоли и обезбеди благосостојба, среќа и здравје. И овде се среќаваат песни со мотивот вода:

Надвела се честа гора над море, над море,
не ми била честа гора над море, над море,
ток ми била света дева Марија,
крај неа се седмокрили ангели, ангели.[7]

Блиски по тематика со коледните песни се **водичарските песни**. Според К. Пенушлиски, овие песни "... во извесна смисла се специфични македонски песни, зашто кај другите јужнословенски народи или ги нема, или немаат толкава рашireност."[8] Се пееле на Водици од деца, обично девојчиња, водичарки или водаруши:

Орле ле, орле, крстато пиле,
високо леташ, облаци тераш,
облаци тераш, роса да росит,
роса да росит, трева да растит,
трева да растет, паун да пасет. [9]

Во овие песни е многу важна и симболиката. Орелот асоцира на величие, власт, хегемонија, храброст, духовен подем, а паунот слава, величие, непоткуплвост.

Симболичното будење на природата се воспева во **лазарските, велигденските и ѓурѓовденските песни.**

[5] Танас Вражинивски, Македонска народна библија, Скопје, 2006, 19.
[6] Обредни и митолошки песни, избор и редакција Д-р Кирил Пенушлиски, Скопје, 1968, 8.
[7] Исто, 10.
[8] Исто, 11.
[9] Васил Икономов, Сборник от старонародни умотворения из дебърско, кичевско и охридско, Солун, 1895, п. 86.

Лазарските песни се најраширени. Се пеат на Лазаровден, Лазарова сабота, една недела пред Велигден. Ги пеат девојчиња до четиринаесетгодишна возраст кои во групи одат од куќа во куќа и пеат на секој член од куќата посебно. Иако се пее за Лазар и се велича личноста за која се пее, посакувајќи му многу среќа и благодети, во овие песни е присутен и мотивот за љубовта која се раѓа заедно со пролетта и младото сонце:

Ленче си платно белеше,
на тихи бели Дунав,
бело си платно белеше,
пред Лазарова недела.
Пецо си коњче вјаваше,
нему се коњче разигра,
на Ленче платно прегази,
Ленче го љуто проколна:
- Да даде Господ Пецо ле,
с моево платно белено,
да те увивам, повивам,
во мојве бели скутови.[10]

Голем аир правел оној, кој изградил чешма. Во една лазарска песна мајката го прашува својот син:

- Кустадине, мили сино,
толку ходи, толко шета,
нишчо хаир не направи!
А јон веле ем говоре:
- Мори мале, стара мале!
Ез направих голем хаир:
на два паќа, на два друма,
мала чешма бурмалија...[11]

Водата игра голема улога во секојдневниот живот и за неа се поврзуваат најразлични дејствија:

Малкај мома двори мела,
малкај мома двори мела.
Двори мела, коњ извела,
двори мела, коњ, и, коњ извела.
Коњ извела да го поје,
коњ извела, да го, да го поје.
Да го поје студна вода,
да го поје студна, студна вода.

[10] Илија Хр. Алушевски, Цвилит коњче во гора зелена, Битола, 1997, 82.
[11] Кузман А. Шапкарев, Сборник от български народни умотворения, том първи, обредни песни народни обичаи, София, 1968, п. 120, 233.

Студна вода, кладинчева,
студна вода, кладин, кладинчева.
Кладинчева, изворчева,
кладинчева, извор, изворчева.
Коња вода не пиеше,
коња вода, вода не пиеше!
Тук си копа с´ десна нога,
тук си копа с´ десна нога,
тук си копа с´ десна, с´ десна нога.
Ископа си до бел камен;
ископа си до бел камен, до бел камен.
Под камено - огледало;
под камено, огле, огледало.
Огледа се, ареса се;
огледа се, ареса се.[12]

Во многу песни од овој циклус момата се огледува во реката, бунарот или изворот. Само чистата вода може да даде вистински одраз на оној кој се огледува. Во погоре цитираната песна се среќаваме со симболиката на огледалото коешто има способност да ги одразува различните страни на животот. Неговата одразителност дава сознанија за вистината, разумот, срцето и душата. Тоа е соларен и лунарен симбол. Постои верување дека злите духови не ги сакаат огледалата и, како духови на мракот, не можат да се одразат во нив. Огледалото е симбол на вистината. Во таа смисла е и народната поговорка дека огледалото никогаш не лаже.[13]

По мотив и содржина до лазарските многу блиски се **велигденските песни.** Меѓутоа, овде повеќе се пее за љубовта, а присутни се и многу митолошки суштества - самовили, змејови и други. Љубовта кон семејството, почитта на родителите и роднините се окосница на овие песни:

Појде мома студна вода ле, студна вода!
Појде лудо с кон по неја, ле, с коњ по неја!
Да ја стигне, да ја сретне, ле, да ја сретне!
Стигна си гу онде доле, ле, онде доле!
Тамо доле, под ораси ле, под ораси!
- Дај ми моме студна вода ле, студна вода,
ја да пијем, којн да појим, ле, којн да појим!
- Бегај, лудо, ај от тука, ле, ај от тука!
Ен, го татко онде горе, ле, онде горе,
онде горе, каде оре, ле, каде оре,
каде оре бел пченица, ле, бел пченица!
Ќе ме види, да ме кара, ле, да ме кара!

[12] Иван Котев, Черешница род родила, библиотека на списанието "Македонски фолклор" 15, Скопје, 1984, п.15, 23.
[13] Џек Тресидер, Речник на симболи, 2001, Скопје, 174.

Мани кавга, ќе ме срами, ле, ќе ме срами,
на Велигден, пред другарки ле, пред другарки![14]

Ѓурѓовден, најголемиот пролетен празник, исто така е опеан во народната песна. Во овие песни блика животот и вербата во силата на светецот кој е во состојба да дари бројни благодети, да донесе дожд и роса, да ги победи злите сили и да потечат реки и потоци:

Кинисал ми сам св. Ѓорѓија,
кинисал ми на ден, на Ѓурѓоен,
кинисал ми на потка да одит,
да запотит нивје и ливаѓе.
Кога беше сред поле широко,
го сусрете она суро ламја,
тој е извај него остра сабја,
е пресече она сура ламја.
Потекоа три силни порои:
први порој се́ бела пченица,
други порој она бело вино,
треќи порој се́ руди јагниња.[15]

Во една друга песна, св. Ѓорѓи отишол да ги обиде нивите и посевите. Се вратил замислен и натажен. На прашањето од мајка му како се посевите, тој одговара:

- Леле мале, мила мале,
какви ми се синорите?
Есените изгинале,
пролетните не никнале!
А мајка му говореше:
- Леле сину, свет´ Ѓорѓио!
И това ли да те учим,
да те учим, да те редим?
Ја си земи танка мрежа,
та ја качи више небо,
та натопи танка мрежа,
да зароси ситна роса;
растреси си танка мрежа,
па си ојди на надоле,
да си обидеш синоре.[16]

---

[14] Песната ја снимил авторот на прилогот во Ново Село, Струмичко, на 24. 01. 1973 год. Пеела Ленка Ѓоргиева, стара 27 години, наставничка.
[15] Д-р Наум Целакоски, ДЕБАРЦА обреди, магии и обредни песни, Скопје, 1984, 199-200.
[16] Кузман А. Шапкарев, цит. дело, п. 52.,169 - 170.

Тој ја послушал мајка си и кога повторно се вратил да ги види посевите, веќе се чувствувало благотворното дејство на водата: посеаното во есен фатило клас, а и пролетните посеви биле добри.

Со празникот Ѓурѓовден се поврзани многу обичаи и обреди. Многу од нив се со паганско потекло. Во струмичките села до скоро, а некаде и денеска, на Ѓурѓовден, пред да изгрее сонцето, селаните го напуштаа селото и заедно со стоката одат "на роса". Се сметаше дека, кога ќе се натопат со свежата и чиста роса, луѓето и добитокот ќе бидат здрави и силни. На истиот ден во с. Загорци, Радовишко, се изведува обред кој има за цел да измоли и обезбеди дожд. Група селани се упатуваат кај чешмата што се наоѓа надвор од селото, трипати се свртуваат околу неа и пеат:

Пушти, боже, поли до земјата,
да покриеш поле широко,
да дочуваш бериќетчето.
Дај ми, боже, ситна росица,
да искласа честа класица
да изранам сирачиња.[17]

На сушата се гледало како на божја казна. Во редица песни Господ и ангелите, со цел да ги "дисциплинираат" непослушните, прибегнуваат кон ригорозни мерки, а една од нив била сушата. Според една песна ("От Струмница") во Зборникот на Миладиновци, легенските христијани биле казнети затоа што не почитувале никого и никакви норми. Поради тоа светците, на инсистирање на Марија, го помолиле Исус Христос да им ги даде клучевите од небото, за:

Да закључам м´гли и облаци;
Три години дош да не заврне,
Три години с´нце да н´ угрева,
Три години ветар да не дува,
Да не се роди ни вино, ни жито.[18]

Кога небото ќе се заклучело и со недели и месеци не паѓало дожд, кога земјата ќе напукала, а посаденото не никнувало, или ако е никнато, ќе изгори, нашите луѓе прибегнувале кон молитви за дожд. Тие верувале во симпатичката магија, т.е. дека сличното произведува слично. Тие со песна и игра сакале да влијаат врз небесните сили, да ги смилостиват за да заврне дожд. Овие се најстари пагански обреди што подоцна ги прифатила и христијанската црква и дел од нив се одвивале под нејзино покровителство, каков што е обичјот "скрсти". За овој обичај податоци наоѓаме и во Зборникот на Миладиновци.[19]

[17] Киро Андонов, Марков извор, Неготино, 1990, 7.
[18] Миладиновци, ЗБОРНИК 1861 - 1961, Скопје, 1962, 33
[19] Исто, 476.

Нема да се задржувам на опис на овој обред, но ќе кажам дека во него учествувале девојчиња. Облечени во зеленило, и со котлиња во рацете, тие оделе низ селото и пееле:

Дудулева мајка срет море стоје,
срет море стоје, с кутел вода лије.
С кутел вода лије, та Бога се моле:
- Хеј, дудуле, вај дудуле, мили Боже, и,и,и!
(И тогаш врз дудуљарките фрљат вода).
С кутел вода лије, та Бога се моле,
роса да заросе, да се роде жито,
да се ранат сирачина, сирачина, сиромаси.
Еј, дудуле, вај дудуле, мили Боже, и,и,и,и!
(И пак ќе фрљат вода во вид на дожд).[20]

Интересна обредна додолска песна се пее во Делчевско. Во неа со сета силина се чувствува искрената молба за дожд, особено при повторувањето на одредени зборови и стихови низ целата песна:

Литеј, литај бела пеперуго,
вај дудуле, дај боже дош, дај боже дош,
литај на високо, литај на високо,
вај дудуле, дај боже дош, дај боже дош,
литај на широко, литај на широко,
вај дудуле, дај боже дош, дај боже дош,
па поведи темен облак,
вај дудуле, дај боже дош, дај боже дош,
да зароси ситна роса,
вај дудуле, дај боже дош, дај боже дош,
да натопи суа земја,
вај дудуле, дај боже дош, дај боже дош,
да се роди ситно просо,
вај дудуле, дај боже дош, дај боже дош,
да се наранат деца сирачиња,
вај дудуле, дај боже дош, дај боже дош.[21]

Молитвите секаде се исти. Еве една слична песна од Битолско:

Ој, Додоле мили боже,
да зароси ситна роса.
Да зароси ситна роса,
да се родит бериќетот.
Да се родит бериќетот,

[20] Песната е снимена од авторот на 30. 11. 1971 година во с. Секирник, Струмичко. Пеела Ташка Панајотова, стара 58 години.
[21] Димитрија Стојчевски, Бисери што душа греат, Делчево, 2007, 60 - 61.

да порастит до гредите.
Да порастит до гредите,
да се ранат сиромаси.
Да се ранат сиромаси,
сиромаси и богати.
Ој, Додоле, мили боже,е,е,е,е![22]

Од обредно - семејните песни со својата бројност и убавина се изделуваат **свадбарските песни**. Свадбата се одвива по еден одреден редослед, а обредот не може да се замисли без употреба на водата. Таа е присутна во текот на целиот процес, и како средство за хигиена, најелементарно, и како симбол во обредите. Кога доаѓа во куќата на младоженецот, невестата од ѓумче истура вода пред неа спрема куќниот праг. Порано, кога невестите ги носеле на коњи, при преминувањето на првата река или поток, свадбената поворка застанувала, а младоженецот ја собувал кондурата од невестата, зафаќал вода од реката и ѝ давал да се напие; во некои села во понеделникот вечрта невестата ја водат на чешмата каде, исто така, се одвиваат одредени обреди.

Еве еден мал исечок од подолга свадбарска песна:

Кинисала мома, бре џаним,
на вода да оде.
Ајде, на вода да оде, бре џаним,
од белата чешма.
Вода да налие, бре џаним,
глава да измие.
Ајде, глава да измие, бре џаним,
за млада невеста.[23]

**Љубовните песни** се најбројни и најубави. Во нив се искажани најнежните изливи и најсилните љубовни копнежи. Младите најчесто се среќаваат  на потокот, крај реката, на чешмата. Чешмите биле место каде навечер, далеку од строгите очи на родителите, младите можеле да се препуштат на своите чувства. Со сочен и разбирлив дијалог, со прекрасни описи на женската убавина и на машката сила, овие песни брзо наоѓаат пат до оној што ја слуша:

- Лелим Тудоро, кад´н јубава.
Кад´н јубава, кад´н гиздава.
Се вечер, вечер, на вода јодеш.
По месечина, по ладовина.
Научило се је едно лудо, младо.
Се вечер, вечер, на вода си јоде.
На вода си оде, којно вода пое,

[22] Илија Хр. Алушевски, цит. дело, п. 75, 84.
[23] Песната е снимена од авторот на прилогот на 25. 02. 1970 год. во с. Босилово, Струмичко. Пеела Цона Зимбакова, стара 56 год.

и на Тудора веле, говоре:
- Лелим Тудоре, кад´н убава,
лелим Тодоре, кад´н гиздава.
Качи се горе, налиј ми вода!
Налиј ми вода, напој ми којно,
којно со кова, мене сос јуста,
а измеќаро с´белите раци![24]

Од какво значење биле чешмите за животот на луѓето, зборува и податокот дека тие биле инспирација на народниот гениј да им испее и посвети голем број песни. Народниот пејач со голема умешност и со силни емоции ги опеал чешмите и настаните врзани за нив и околу нив.[25]

Стојан, заљубен во убава девојка Лилјана или Бојана, сеедно, бара совет од мајка си:

- Учи ма, мајко, карај ма, леле,
как´ да ја земам Бојана,
как´ да ја земам Бојана, леле,
Бојана бела, црвена.
- Учам та, карам, Стојане, леле,
как да ја земиш Бојана,
как да ја земиш Бојана, леле,
Бојана бела, црвена:
Влези си в зимни керали, леле,
наполни поли флорини,
направи чешма шарена,
сите девојки ќе дојдат, леле
и бела Бојана ќе дојдит.[26]

Песните со овој мотив се многу на број.

Песни со мотив вода среќаваме и во митолошките, аргатските, овчарските, па дури и во песничките за најмалите - во бројалките:

Врни, врни дош,
да си најдам грош,
да си купам виолина,
да ме слушат од милина![27]

Доста чест е мотивот девојка оди или се враќа од бања. Женската убавина не може да се сочува ако редовно не се одржува со редовна и темелна лична хигиена. Одењето во бања некогаш било вистински ритуал. Чистата и убава девојка го сопира здивот на ергените и женетите, на старите и младите,

[24] Иван Котев, цит. дело, 47.
[25] Душко Стојанов, Штипските чешми - вековен извор на животот, Штип, 2003, 19.
[26] 300 македонски народни песни, редакција, Драги поп Стефанија, Охрид, 2001, 158.
[27] Иван Котев, Енци менци, Скопје, 2002, 40.

на мајсторите и чираците од градската чаршија. Тие, мајсторите, воодушевени од девојката која поминувала покрај нивните дуќани, давале одишка на своите чувства. Признавале дека девојката ги залудува, ѝ велеле дека е убава, а светнувале и првите љубовни искри исполнети со надеж:

Девојка иде од бања,
терзиче седи пред дуќан.
- Девојче, мори девојче,
ного си, мори, убава!
- Кога сам толко убава,
ај, фустан да ми сошиеш:
без аршин мерка да земеш,
без ножници да го раскроиш,
без игла да го сошиеш!
- Девојче, мори девојче!
Ја погача да ми испечеш:
без сито брашно да сееш,
без вода да го замесиш,
без огин да ја испечеш!
- Терзиче, младо терзиче!
През клепки ќе го пресеам,
со солзи ќе го замесам,
на гради ќе ја испечам![28]

Водата не е само симбол на животот. Таа е живот.

Обожавана и опеана, употребувана и злоупотребувана, водата навлегла длабоко во свеста на човекот. Бројните митови и легенди, приказни и песни сведочат за тоа. Водата со своите чудесни особини е голема енигма. И денеска. Да се надеваме дека бистрите планински води и шарените чешми нема да останат само во народните песни или како артефакти во некои идни археолошки ископувања, туку да ги сочуваме, оти ако ја сочуваме чистата вода, ќе го сочуваме и животот на земјата.

[28] Песната е запишана на 14. 06. 1978 год. во с. Робово од мајка ми Савета Котева и ја чувам во мојата фонотека.